Даринка ПЕТРЕСКА **УДК: 930.1(497.7)„1944/53“**

# ПОЛИТИКАТА, ИДЕОЛОГИЈАТА И МАКЕДОНСКАТА ИСТОРИОГРАФИЈА 1944-1953 Г.

## Взаемни влијанија и рефлексии

***Кратка содржина***

*Конституирањето на македонската држва на 2 август 1944 г. и успешно завршената Народноослободителна борба во Македонија, означија и почеток на еден поинтензивен период на транзиција не само во стопанскиот развој и на политичката власт туку и во сферата на културата, науката, образованието и секојдневниот живот на луѓето. Македонскиот народ, кој пред Втората светска војна немаше своја национална држава и свој нормиран и признаен литературен јазик во ниту една од државите меѓу кои беше поделен, немаше можност да си ја истражува и проучува својата историја. Неговата историја ја истражуваа и проучуваа историчари на државите меѓу кои беше поделен, но, како составен дел на нивните национални истории. Почетоците на создавањето на македонската историографија во македонската држава носеа белег на: општествено-политичките прилики, класното толкување, идеологијата, но и на ентузијазмот на македонските историчари, книжевници, политичари и други творци. Тие ги создадоа првите трудови во македонската историографија.*

***Клучни зборови***: *МАКЕДОНИЈА, ИСТОРИЈА, ИСТОРИЧАРИ, ИСТОРИОГРАФИЈА, ПОЛИТИКА, ИДЕОЛОГИЈА, НАЦИЈА, ДРЖАВА, МАКЕДОНСКО ПРАШАЊЕ, МЕТОДОЛОГИЈА, ТЕОРИЈА*

**1.** Со конституирањето на македонската држава на Првото заседание на АСНОМ на 2 август 1944 година и по ослободувањето на Македонија за прв пат се создадоа по поволни услови за создавање на македонска историографија. Президиумот на АСНОМ и првата Народна влада на Македонија направија големи напори што поус-

пешно да се организира просветата, да се формираат културни и научни институции кои беа неопходни за изградување на македонската држава и излегување од стопанската и културно-просветната заостанатост на земјата. Беше ангажиран целокупниот стручен и научен потенцијал. Меѓу нив беа и малкуте историчари, кои паралелно со организационата работа ја започнаа и образовната и научната дејност.

Големи тешкотии за историската наука тогаш доаѓаа не само од малубројноста на научните кадри туку и од немањето доволно историски извори, бидејќи и самото организирање на архивската дејност за собирање на изворен материјал беше во почетна фаза. Освен тоа сè уште не беше доволно нарасната свеста за зачувување на документацијата од различни периоди и институции од минатото, а организаирањето на издавачката дејност за историографски трудови беше нова, како впрочем и во другите научни и културни области.

Од друга страна во првите години во пишувањето на прилози и трудови за историјата на Македонија и македонскиот народ, поради специфичните услови и тешкото оформување на стручни и научни кадри, а и поради *политичката насоченост и класната компонента* во толкувањето на историјата, односно за *инструментализирањето на историјата во полза на комунистичката идеологијата*, се вклучија и оние интелектуалци, политичари и публицисти, дури и револуционери и партиски кадри кои по струка не само што не беа историчари, туку некои од нив одвај имаа солидно средно образование или го немаа ниту тоа, туку беа само партиски кадри со комунистичко-партиска наобразба, без теоретска и методолошка подготовка од областа на историската наука кои имаа задача да ја толкуваат историјата согласно наметнатата марксистичко-ленинистичка идеологија. Така влијаеја и за идеолошка насоченост и на историчарите за толкување на историјата, посебно на најновата историја која требаше да биде во функцијата на афирмирањето на Комунистичката партија и нејзината државна политика.

Но, сите автори, а особено историчарите по струка не ја прифатија безрезервно таа зависност на историската наука од идеологијата и политиката.

Обидите за истражување и презентирање на македонската историја, култура и јазик од страна на одделни македонски творци во меѓувоениот период, беа останале како светол патоказ за истра-

жувањето на минатото на макеонскиот народ.[1] Некои од нив и по Втората светска војна продолжија да истражуваат и пишуваат за повеќе аспекти, периоди, настани и личности од минатото на македонскиот народ. Меѓу нив беа: Димитар Влахов, Ангел Динев, Васил Ивановски Бистрички, Ѓорѓи Абаџиев, Павел Шатев, Ангел Жаров, Венко Марковски и други.

Во НРМ се создаваше *историографија во најширока смисла на зборот*, во која се вбројува а) *научната историографија* која создаваше трудови од историската наука, пишувани согласно теоретските и методолошките сознанија во тогашната историска наука, и б) *историска литература (историска публицистика, мемоарска литература, или поконкретно ангажирана или партиска историографија)* која третираше определени историски процеси, појави, личности, но, од аспект на тогашната дневнополитичка потреба за афирмирање на погледи и ставови за минатото кои беа потребни за поддршка на државната политика и класната идеологија.

Токму затоа не може да се прифати генералната оценка што често се дава за македонската историографија дека сосема била под превезот на политиката за целиот период од 1945-1991 година, без да се води сметка за разновидноста на трудовите кои се покриваат најчесто со општиот поим историографија, но и за професионалната етика на одделни историографи.

[1] Ивановски Бистришки Васил: *За о ние Македонците сме оделна наци®*. Четв рти® Конгрес на Македонски® Народен С з в Америка, Детроит, 42-45, Веселинов Коста: *В зраждането на Македони® и Илинденското в стание*, Софи®, 1939; Динев Ангел : *Македонските Слав®ни*, Софи® 1938 г. и други. Големо значење за афирмирањето на македонската национална посебност имаа поетските и книжевните трудови на членовите на Македонскиот литературен кружок: Никола Јонков Вапцаров, Коле Неделковски, Венко Марковски, Ѓорѓи Абаџиев, Михаил Сматракалев (Ангел Жаров), Антон Попов и другии. Во најголем дел од нивните трудови се негуваше афирмативниот однос кон македонското народно творштво, македонскиот јазик, македонската историја, се манифестираше македонскиот патриотизам и слично. Во вардарскиот дел на Македонија тоа беа прилозите на поедини Македонци објавени во списанијата „Вардар“, „Наша реч“, „Луч“, а сред македонската емиграција во Бугарија во „Македонски вести“, „Илустрација Илинден“ (броевите во последните години пред Втората светска војна) и други списанија и весници кои излегуваа легално или нелегално во Југославија и Бугарија, како и поетските трудови на Кочо Рацин, битовите драми на македонски народен јазик и други прилози. Не помалку значајни беа и полемиките, писмени и усни, кои се водеа по однос на одделни процеси, настани и личности од македонската историја, како што беше дискусијата што се водела во Загреб (1939) меѓу група македонски интелектуалци и професорот по археологија Никола Вулиќ и професорот Јован Радониќ, околу македонската нација. (*Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава*, том втори. Скопје: Универзитет „Кирил и Методиј“. Скопје 1981, 158-162).

Поради таквата општественополитичка клима се создаваа услови за взаемно влијание меѓу а) научната историографија, чија преокупација требаше да биде истражувањето и презентитрањето на минатото согласно тогашните теоретски и методолошки достигања во историјата како наука и струка и б) класната идеологија во еднопартиската држава, за чие спроведување беа задолжени партиски кадри кои преку разни политичко-партиски говори, програми, критики, историско-публицистички прилози изнесуваа партиска историја и ја дозираа слободата на историчарот во неговото толкување на минатото.

Повеќе современи историчари, го сметаат *Политичкиот извештај на секретарот* на ЦК КПЈ Лазар Колишевски поднесен на Првиот конрес на КПМ (одржан од 18 до 22 декември 1948 година) како основен политичко-идеолошки императив за толкувањето на историското минато на македонскиот народ, посебно на новата и најновата историја[2].

Разгледувајќи ги релациите – историја – политика – идеологија – историографија за времето на повоените години во македонската држава, нѐ се наметнува сознанието дека, сепак, класно-идеолошкото насочување започнало многу порано, уште во бурните настани во почетокот на 1945 година, тогаш кога започнале отворените критички напади врз оние македонски национални кадри и на дел од војската поради нивното барање на дневен ред да се постави и македонската опција за решавање на македонското прашање која го содржеше и обединувањето на Македонија. Југословенското партиско и државно раководство на чело со Ј. Б. Тито и неговите најблиски соработници од редот на Е. Кардељ, С. Вукмановиќ Темпо, А. Ранковиќ и други, ја поставија пред македонското партиско, политичко и воено раководство задачата да ги убедат Македонците дека „Слободна Македонија во Слободна Југославија" која веќе е остварена во југословенската федерација е единствената можна опција во тогашниот историски момент и тоа се спроведува и по цена на симнување од функциите на највисоките државни личности во Македонија, кои

[2] Ачкоска Виолета: *Политиката и историографијата 1944-1998*. Во: Македонската историска наука – достигнувања и проблеми. Скопје: ИНИ, 2000, 493. Во критичкиот осврт на инструментализацијата на историјата во корист на политиката и идеологијата д-р Ачкоска смета дека *Политичкиот извештај на Првиот конгрес на ЦК КПМ* од 1948 година, стана рамката во која поголемиот дел од првите македонски историографи, посебно оние коишто се занимаваа со поновата историја, можеа да си ја дозволат слободата на искажувањето.

не го прифаќаа безрезервно сè понагласеното државно југословенство во федерацијата.

Спроведувајќи ја политиката на интензификација на „југословенството", како единствен излез и опција за југословенските народи, ЦК КПЈ настојува да се воспостави поголема „интеграција" на планот на проучувањето на историјата и нејзиното толување низ призмата на класно-идеолошкиот пристап. Во таа смисла и раководството на КПМ и државното раководство на ДФМ уште во почетокот на 1945 година започнаа со актуелизирање на тоа прашање. Особено беше значајно проучувањето и интерпретацијата на најновата историја, односно историјата на КПЈ и НОБ. Многу лесно биле обликувани црно-белите, редуцирани и идеолошко обоени претстави за минатото нудени од партиската пропаганда, додека посестраната и теоретски поиздржаната критика на изворите и настаните во минатото, изнесени од историчарите, не беше толку актуелна. Историската свест се градеше на идеолошките претстави, на политичките заклучоци, на мистификации на одделни појави и личности како заслужни и незаменливи во градењето на новото општество. Така во видното поле на поголемиот дел од населението не се наоѓала историјата како наука туку историјата како идеологија[3].

Во отсуство на научна или културна институција, задачата за издавање на, соодветна на политичкиот курс на КПМ, историска литература и друг вид изданија кои имале и пропагандни цели, ја реализираа други институции и организации.[4]

Меѓу првите од овие прилози била брошурата под наслов *Федеративното уредуење-основа на демократизацијата на Југославија* од Лазо Мојсов објавена во 1945 година која го афирмира братството и единството во новата југословенска држава и која целосно била во функција да се наметне во свеста на Македонците неопходноста од зацврстувањето на југословенската федерација токму во времето на последната фаза на борбите за ослободување на

---

[3] Петрановић Бранко: *Историографија и критика.* Уместо предговора (Љубодраг Димић) 11-22. Подгорица: ЦИД, 1997, 12.

[4] Во 1945 г. таа улога ја имаше Скопскиот народен универзитет, а во 1946 година тоа го презема повеќе Земскиот одбор на Народниот фронт на Македонија. Во текот на 1946 г. како едиција на Земскиот одбор на НФМ започнала да излегува *Историска библиотека.* Прилози за историјата, културата, географијата, етнографијата и од други области биле објавувани и во списанието за уметност, наука и друштвени прашања *„Нов ден"*, списанието *„Иднина"*, весниците *„Нова Македонија"*, *„Пирински глас"*, *„Глас на Егејците"* кои излегувале во Скопје и други.

Југославија.[5] Пред излегувањето на оваа пропагандна брошура, веќе била одржана седницата на Политбирото на КПЈ на 21 март 1945 година на која Миха Маринко реферирал за состојбите во Македонија и за пројавениот автономизам и спаратизам на М. Андонов Ченто и на други македонски револуционери и комунисти.[6]

Во споменатата брошура била направена историска ретроспектива на монархистичка предвоена Југославија, на положбата на југословенските народи во неа, на окупацијата, поделбата, на антифашистичката и народноослободителната борба, и тоа сè во фукција на политичката потреба да се докаже дека сите југословенски народи треба да бидат задоволни од создадената југословенска федерација која гарантира вистинско демократско уредување. Македонскиот народ треба да биде задоволен со оствареното затоа што „**Нема слободна Македонија без федеративна Југославија**" (подвлечено од Л. Мојсов). Југословенската историја е апсолутизирана до таа мера за да се покаже дека само таа е значајна и во функција на остварувањето на југословенската федерација и на „општојугословенскиот патриотизам".[7]

---

[5] Тоа беа деновите кога македонските војници од 15 македонски корпус учествуваа во најжестоките борби за пробив на Сремскиот фронт, (бил пробиен на 12 април 19145 г.) но, во самиот пропаганден текст (говор) нема ниту збор за таа жртва што ја поднесувале за југословенството, кога сè уште многу биле свежи сеќавањата од пред неколку месеци на демонстрациите на плоштадот во Скопје на артилериските бригади за одење на Солун, а не на Срем и Берлин и на настаните во Штип предизвикани од исти причини.

[6] Кљакиќ Драган: *Времето на Колишевски*, Скопје 1994, 298-299. На истата седница А. Ранковиќ изнел мислење дека во Лазо Колишевски треба да се има полна доверба во спроведување на ставовите на КПЈ во Македонија, додека Тито заклучил дека Ченто треба да се критикува во Партијата, Влахов да се повика во Белград и дека нивното прашање треба да се решава внимателно. Потоа го изнел ставот дека Македонија не дала доволно за оваа војна и дека треба да дава повеќе и за фронот и за обновата на земјата, а за Колишевски изнел дека „Лазо е најдобар, ама е слаб, тешко ќе може да ја води земјата. Кај Лазо има амбиции по кои веќе сега треба да се удира".

[7] Мојсов Лазо: *Федеративното уредуење-основа на демократизацијата на Југославија*. Скопје: Библиотека на Скопскиот народен универзитет, бр. 1. (Предавање одржано на Скопскиот народен универзитет на 11 април 1945), 1945, 44-45. Со оглед на тоа дека во ЦК КПЈ веќе била покрената голема дискусија околу македонскиот сепаратизам, на крајот на овој говор стои порака дека македонскиот народ нема право на друга алтернатива, освен Југословенската федерација и дека „*Сепаратистичкото семе не може никогаш повеќе да уроди со плод ни на нашата земја, ни во другите југословенски земји на Југославија. Денес сите народи на Југославија ги облива таласот на општојугословенскиот патриотизам, затоа што демократска федеративна Југославија е вистинска татковина за сите нив, створена со нивните удружени напори, израсната од оган, крв и страданиа.*"

Повеќе од јасен е заклучокот зошто го нема македонскиот дел од историската приказна за големите напори и борби на Македонците низ децениите пред 1941 г. за национално ослободување, обединување, за своја македонска држава, па дури нема ниту збор за АСНОМ, за македонскиот патриотизам во трите дела на Македонија, за антифашистичката и националноослободителната борба во текот на Втората сгетска војна и на Македонците во другите делови на Македонија.

И покрај тој политички курс за цврсто опстојување на југословенското решение на македонското прашање и понатаму во политичко-пропагандната активност на партиските и државните структури било присутно прашањето за обединување на трите дела на Македонија. Сепак, тоа било пропагандна опција за да се неутрализираат или поточно да се оневозможат отворените критики од оние македонски кадри кои го покренувале како актуелно целосното решавање на македонското прашање. Како политичко пропагандно прашање тоа е присутно во, речиси, сите говори на државните и партиските кадри во текот на 1946 и 1947 година, сè до Резолуцијата на Информбирото.

Но, во исто време се одвива процесот на отстранување од власта на оние македонски политичари и поранешни заслужни борци и революционери за македонското ослободително дело и нивно окарактеризирање како автономисти и сепаратисти, кои биле обвинувани и осудувани на различни временски казни, при што освен спроведување на физичка тортура поради нивните национални и политички идеи, биле на најразличен начин репресирани и нивните семејства.

Во тој општественополитички амбиент на употреба на минатото за политички цели на 5 мај 1946 година во Скопје бил одржан голем митинг по повод одбележувањето на 43-годишнината од смртта на Гоце Делчев на кој присуствувале над 20 000 луѓе. Во таа прилика во Скопје пристигнала група Македонци од Пиринска Македонија и емиграцијата во Бугарија. Меѓу присутните биле раководните личности од НРМ: Димитар Влахов потпретседател на Народното собрание на ФНРЈ, во придружба на полковник Пецо Трајков и министрите: Никола Минчев, Тоде Ношпал, Васил Калајџиски, Крсте Симовски, Кирил Петрушев, претставници на армијата и многу други претставници на народниот фронт и други масовни организации, а меѓу гостите од Бугарија и Пиринска Македонија биле: Гоерги Мадолев, секретар на Обласниот комитет на Отечествениот фронт за Пиринска Македонија, Михаил Сматракалев, поранешен член на Македонскиот литературен кружок во Софија, Стефан Аврамов од Илинденската организација, Кирил Николов од македонската емигрантска младина во Бугарија. Митингот го отворил претседателот на Градскиот одбор на Народниот фронт на Скопје Димче Зографски, а на истиот од името на Земскиот одбор на Народниот фронт зборувал и Алексо Мартулков и споменатите четворица претставници од Пиринска Македонија и од македонската

емиграција од Бугарија. Сите биле бурно поздравувани најчесто со паролата *Обединета Македонија во Титова Југославија*.[8]

Низ говорите на сите и низ аплаузите и извикувањата на присутните било манифестирано големото задоволство поради остварените стремежи на македонскиот народ за создавање на македонска држава, воодушевувањето од соработката меѓу ФНРЈ и Отечественофронтовска Бугарија, како и од очекувањето да се оствари обединувањето на Пиринска Македонија со НРМ и слично. Речиси сите споменати раководни личности и од НРМ и од Пиринска Македонија и македонската емиграција од Бугарија, биле поранешни македонски революционери и членови на ВМРО (обединета), еден потписник на Приговорот од АНОК на Манифестот на ГШ, кои биле приврзаници на целосното решавање на македонското национално прашање, со обединување на поделена на Македонија. Тоа се случувало на плоштадот во главниот град на Скопје во деновите кога Методи Андонов Ченто предупреден од раководството во Белград и од Тито, си дал оставка од функцијата претседател на Народното собрание на НРМ.[9] Само два три месеци по ова на 15 јули 1946 година, тајно бил уапсен Ченто и бил префрлен во затворот во Скопје, а на 31 јули било и јавно соопштено од министерот за внатрешни работи Цветко Узуновски дека М. А. Ченто е уапсен на грчката граница при обид за бегство во Грција.[10]

На 2 и 3 август во 1946 година во Скопје бил одржан Првиот конгрес на Народниот фронт на Македонија, на кој Лазар Колишевски како секретар на Земскиот одбор на Народниот фронт на Македонија ( во исто време бил и претседател на Владата на НРМ) поднел *Реферат по политичко-економското положение*, кој е дистрибуиран и како посебна брошура, во кој ги дава главните насоки за пресметка со непријателите на македонскиот народ кои го покренуваат прашањето за обединета и независна Македонија под покровителство на големите сили, или во рамките на Балканска федерација и

---

[8] *Величествен митинг во Скопје* по случај пристигањето на групата Македонци од Пиринска Македонија и емиграцијата во Бугарија за чествување на 43-годишнината од смртта на Гоце Делчев. Скопје: Градски одбор на Народниот фронт, мај 1946. 11, 14, 17, 23, 30.

[9] Ачкоска В.: *Македонија во Југословенската федерација 29.11.1943-8.9.1991-Хронологија*. Скопје: ИНИ, 2001, 48-49. На 15 март му била уважена оставката од 5-то заседание на Президиумот на Народното Собрание, а од 15-18 април било одржано Четвртото заседание на Народното Собрание на НРМ на кое била прифатена оставката на Ченто и бил избран нов Президиум.

[10] Ibidem, 49.

дека тоа е директен атак на ФНРЈ и на заедништвото на југословенските народи.[11]

Одбележувањето на денот на почетокот на антифашистичкотото и народноослободителното востание 11 Октомври во 1946 година исто така протече во знак на взаемната соработка на НРМ и Отечественотофротновска Бугарија, преку свеченостите кои се одржаа во Скопје по повод пренесувањето на телесните останки на Гоце Делчев од Софија во Скопје и нивното положување во дворот на црквата „Св. Спас" при што беа одржани повеќе пригодни говори за животот и делото на идеологот на македонското националноослободително движење Гоце Делчев во присуство на претседателот на Владата, Лазар Колишевски.

Во тој период на приоритетна афирмација на НОБ и народната револуција во Југославија и Македонија во политичкиот живот со потполно ангажирање на партиските кадри кои ја зедоа улогата на историчари, а дел од историчарите се занимаваа со политиката, се одвиваше и процесот на поврзувањето и афирмирање на историските настани и личности од илинденскиот период со НОБ. Тоа особено беше присутно во одбележувањата на 2 август, Илинден денот на Илинденското востание и на Првото заседание на АСНОМ. Пригодни говори на политичарите, во улога на толкувачи на историското значење на тие настани, ги полнеа првите страници, а во одделни пригоди и сите страници на весниците и списанијата.[12]

**2.** Во тие повоени години во проучувањето и толкувањето на македонската историја беше присутен уште еден мошне важен момент кој помагаше во разгледувањето и разбирањето на историјата и изградувањето на историската свест на Македонците во НРМ и кај Македонците во соседните држави, посебно во Пиринска Македонија и многубројната македонска емиграција во Бугарија. Тоа беше ангажирањето на поединни Македонци од македонската емиграција, но и на институции и асоцијации во Бугарија, кои до 1948 година вложија напори да ја помогнат НР Македонија како своја матична држава, во зацврстувањето на нејзината внатрешна организација и

---

[11] *Политичко-економскот положение* – Реферат од Лазар Колишевски секретар на Земскиот одбор на Нф. Прв конгрес на НФ на Македонија. Скопје 1946.

[12] Најприсутни беа во дневниот весник „Нова Македонија", „Трудбеник", „Единство", „Млад борец", „Народен глас" (Штип) и други, потоа во списанијата „Иднина", „Нов ден" и други, како и написи од македонски политичари и творци во списанијата кои излегуваа во Белград и други градови на Југославија: „Политика", „Борба" и други.

во докажувањето на историските корени на македонската нација, јазик, култура и националниот карактер на ослободителните борби на македонскиот народ. Од таму нивните прилози, кои беа создавани во периодот кога се признаваше македонскиот национален идентитет, македонската историја, јазик, култура во Пиринска Македонија и Бугарија, можат да се вбројат и во македонската историска литература.

Веднаш по конституирањето на Асномска Македонија во 1944 година излегла брошурата *Етнографската идеја на Македонските Словени*[13] од Ангел Динев, еден од најактивните членови на Гевгелиското братство во Софија и афирматор на македонската национална посебност уште во периодот меѓу двете светски војни и автор на неколку трудови за македонската историја кои биле подготвени за печат. Од нив наредната 1945 година излезе првиот том од книгата *Илenденска епопеја* во издание на Народното издателство во Софија.

Во рамките на активностите на македонската емиграција во Бугарија во општоприфатентата ориентација за поддршка на Федеративна Македонија и новите пријателски односи меѓу Отечественофронтовска Бугарија и Демократска Федеративна Југославија било формирано ново раководство на Македонскиот научен институт во Софија на чело со Христо Калајџиев. Институтот имал за задача да издава материјали за историјата, етнологијата, стопанството, географијата и за македонската ослободителна борба, ослободени од поранешната великобугарска идеологија на толкување. Новиот орган *Македонска Мисла*, чиј главен и одговорен уредник бил членот на раководството на ВМРО (об) Јордан Анастасов, уште во првиот двоброј јули-август 1945 година започнал да ја реализира оваа програма. Речиси, сите прилози во него биле посветени на споменатите аспекти на македонското прашање.[14] Голем број прилози од маке-

[13] Диневъ Ангелъ: *Етнографската идея на Македонските Славяни*. Библиотека Македония, Но 1. София 1944, 47. Динев уште во 1938 г. ја објавил книгата *Македонските Славяни*, а за печат биле подготвени *Илинденската епопеја*, *Политичките убиства во Бугарија*, *Преродбата на Македонија* напишана по настојувања на Венко Марковски и други ракописи.

[14] *Македонска Мисъл*, Орган на Македонския научен институт, год. И, кн. 1-2, юли-август 1945. Меѓу прилозите во овој двоброј се поместени: воведно обраќање на Редакцијата на списанието; Регента г. Тодор Павлов за Македонска мисъл; Драгойчева Ц: *Отечественофронтовска България и Македония*; Калайджев Хр.: *Федерална Македония*; Попотомов Вл.: *Македонското освободително движение и работническата класа на Балканите*; Делирадев П.: *Македония като географска единица* и други.

донската историја, посебно сеќавања и други прилози од македонски револуционери и учесници во Илинденското востание биле објавени и во други списанија и весници.[15] На Илинден 1945 година споменатиот институт во Софија ја објавил книгата *Македонија како природна и стопанска целина* која била подготвена за печат уште пред 1944 година, но била објавена по промената на раководството на Македонскиот научен институт и новата уредувачка политика.[16]

Во текот на 1945 година и говорот на Павел Шатев при посетата на Софија на 8 септември 1945 г. одржан во друштвото *Славјанска* беседа бил објавен како посебна брошура.[17] Од поединечните изданија на Македонскиот научен институт, додека траел овој тренд на взаемна соработка на македонската емиграција во Бугарија, и Македонците од НР Македонија, се појави и монографски труд за Јане Сандански од Павел Делирадев[18] и брошурата *Македонската народноосвободителна борба* од Димитар Влахов, во која низ интерпретацијата на настаните и периодите од македонската историја е проследен и процесот на настанувањето и зацврстувањето на македонската нација.[19]

Едно од најважните и витални прашања за опстојување на македонската држава како национална федерална држава во рамките на Југославија, но и како матична држва на сите Македонци и за развивање на македонскиот јазик, македонската култура, проучување на македонската историја и зацврстување на македонската национална свест и духовно единство на сите Македонци, било афирмацијата на македонската нација како резултат на развојните процеси на македонското општество и македонската општествена и политичка мисла во периодот на преродбата и националноослободителните борби, процес кој бил присутен и карактеристичен за сите балкански народи-нации.

---

[15] Списанијата „Македонско знаме“, „Пиринско дело“, веснокот „Доброволец“ и други.

[16] *Македония като природно и стопанско цяло.* София: Македонски научен институт, 1945., а во предговорот се најавувало и скорешно излегување на книгата на македонски јазик во Скопје, но Резолуцијата на Инфорбирото, го одложи тоа издавање и таа во Скопје излезе дури по 30 години во 1978 г.

[17] Шатев Д-р Павел: *Балканската проблема и Македония.* София 1945.

[18] Делирадев Павел, Яане Сандански. София 1946.

[19] Длахов Димитър: *Македонската народноосвободителна борба.* София: Македонски научен институт, 1946.Книгата била печатена на народен македонски јазик, јазик и стил кој сам по себе сведочи на обидите и во Софија да се печатат трудови на македонски јазик за потребите на македонската емиграција во Бугарија и за македонскиот народ.

На 7 декември 1946 година во Македонскиот научен институт во Софија била одржана дебата за македонската нација. Меѓу другите мошне интересно било излагањето на Кирил Николов за македонската нација изнесен во полимички тон со оние кои ја негирале како историски продукт на општествениот развој. Тоа предизвикало оправдан интерес и кај политичките и општествените средини во НРМ, неговото излагање е објавено и во Скопје како посебна книга со предговор на Мито Хаџи Василев Јасмин. Кирил Николов во согласност со методологијата на историската наука и актуелноста на марксистичкото и материјалистичко толкување на историјата, ја разгледува македонската нација во контекст на објективните развојни процеси на македонското општетсво во XIX и XX, со осврт на етногенезата на македонскиот народ, на македонската преродба, на делото на Крсте Петков Мисирков, на Васил Ивановски итн. Мито Х. Василев еден од реализаторите на идеолошката програма на ЦК КПМ во областа на издаваштвото, во предговорот на книгата *За македонската нација* од Кирил Николов[20], ја даде насоката за приоритетот околу разјаснувањето на прашањето за македонската нација. Што се однесува на задачата на научниците работници и публицисти Мито Хаџи Василев укажува дека: „*Пред нашите научни работници и публицисти на ова поле се поставува со голема одговорност прашањето за создавање на нужната историска литература, посветена на историјата на нашиот народ, преку која ќе се обелодени историската вистина исчистена од секакви замаглувања, хегемонистички посегнувања и присвојувања и на која што ќе го учат маситe нашето минато така како самиот наш народ го создавал.*“[21]

Актуелноста, на одделните витални прашања од македонската национална историја за опстојување на македонската нација и држава, се рефлектирала во говорите и пишаните прилози на повеќе

[20] Таа излезе како прва книга од едицијата *Историска библиотека* на Земскиот одбор на Народниот фронт на Македонија кон крајот на 1946 г.

[21] Николов Кирил: *За македонската нација*. Предговор: Мито Х. Василев. Скопје: Историска библиотека, бр. 1. Земски одбор на Народниот фронт на Македонија, s.a.3. Ова обраќање до научната јавност, до писателите, публицистите и други творци како и до македонската јавност било направено во крајот на 1946 или почетокот на 1947 година, а по повод поинтензивната активност на Македонскиот научен институт во Софија околу издавање на трудови посветени на географијата, историјата, културата, етнологијата на македонскиот народ и посебно во врска со дискусијата што се водела околу настанувањето и аспектите на македонската нација, при што се пројавувале и понатаму некои погледи од големобугарски позиции за македонската нација.

стари револуционери кои се вклучија во изградбата на македонската држава и во креирањето на внатрешната и надворешната политика на НРМ. Токму за овие потреби во 1947 година беа објавени во Скопје говорите и статиите на Димитар Влахов.[22]

**3.** По донесувањето на Резолуцијата на Инфорбирото и влошувањето на југословенско-советските односи, раководството на КПЈ направи уште поголема идеологизација на сите сфери на политичкиот и културниот живот и творештво. Во рефератите Јосип Броз Тито и на Милован Ѓилас на Петиот конгрес на КПЈ одржан еден месец по објавувањето на Резолуцијата на инфорирото во 1948 година, стриктно се инсистира на поголема застапеност во изучувањето на историјата на КПЈ и на развојот на социјалистичкото и комунистичкото движење во југословенските земји, НОВ и изградбата на новата југословенска федерација, сè да биде проткаено со иделошкото толкување на марксизмот-ленинизмот и КПЈ да не дозволи непријателите на марсизмот да создаваат идеолошка збрка.[23] Задачата поставена од ЦК на КПЈ беше најдисциплинирано спроведена и во проучувањето и толкувањето на историјата во сите југословенски републики. Покрај дотогашните објавени трудови на класиците на марксизмот-ленинизмот Маркс, Енгелс, Ленин, Сталин, започна интензивно собирање и објавување на документите за историјата на КПЈ и НОВ и со издавање на серија на изворни документи, се интензивира издавањето на монографии од историјата на работничкото и комунистичкото движење и од НОВ. Главната идејна и

---

[22] Влахов Димитар: *Говори и статии*, 1945-1947. По случај 50-годишнината на активната општетсвена дејност. Скопје: Државно книгоиздателство во Македонија, 1947; На одредени ставови и оценки за овие обиди за поширoко учество во дискусиите и полемичките појави околу историските процеси во кои се констиуираше македонската нација во XIX век и за разликите во гледиштата по тоа прашање меѓу постарите револуционери од предвоеното македонско национално движење: Павел Шатев, Кирил Николов и Димитар Влахов и младите комунистички кадри во НРМ: Лазар Колишевски, Кирил Миљовски, Лазо Мојсов, Мито Хаџи Василев, Видое Смилевски, Веселинка Малинска, К. Црвенновски, во 1982 година се осврна Стефан Требст: *Бугарско југословенската контроверза за Македонија, 1967-1982*. Превод од германски Слободанка Поповска. Скопје: ИНИ, 1997, 61-64.

[23] *V конгрес Комунистичке партије Југославије*, Извештаи, Реферати. Београд: Култура 1948, 10-158, 285. Конкретно во извештајот на Ј. Б. Тито опширно е елаборирана и рамката и политичката и иделошката насоченост за интерпретација на историјата на социјалистичкото и синдикалното движење во југословенските земји до создавањето на прва Југославија и сите фази и аспекти на историјата на КПЈ од нејзиното формирање, во периодот меѓу двете светски војни, НОВ и улогата на КПЈ во организирањето и успешно изведената антифашистичка и Народноoослободителна војна и во создавањето на нова Југославија, како и односите на политичките сили во земјата во изградувањето на југословенската федерација, заклучувајќи дека со таа класно-идеолошка борба и успеси КПЈ ја исполнила својата историска мисија.

политичка насока во НРМ за пишување на историски трудови стана поднесениот Политичкиот извештај за работата на КПЈ/КПМ до 1948 година од Л. Колишевски на Првиот конгрес на КПМ објавен како посебна брошура во 1949 г. По влошувањето на односите со државите со т.н. народни демократии, кои ја подржаа Резолуцијата на Информбирото, започна една изразито идеолошка историско-публицистичка афирмација на југоловенското комунистичко движење во минатото, а проучувањето на истото било потребно за политичко инструментализирање на историјата за докажување на исправноста на политичкиот курс на КПЈ и на југословенската држава кои се придржуваа кон реализирањето на „вистинските вредности на марксистичко ленинистичкото учење“ за воспоставувањето и одржувањето на „диктатурата на пролетеријатот односно на работничката класа“, сѐ во името на народот.

Во таа изразито идеолошко политичка одбрана и напад на другите партии и држави кои „отстапувале“ од „објективното“ толкување на многу прашања согласно марксизмот ленинизмот, се вклучи и македонската историско-публицистичка мисла и од перото на партиски кадри со различни професии излегоа пренагласени идеолошки и полемички трудови. Но, неоспорен е фактот дека во дел од нив оправдано се брани македонскиот национален идентитет и македонската нација, од националистички толкувања и присвојувања на македонската култура, јазик, историја во историските и партиско-политичките трудови од бугарска партиско-политичка провиниенција и од крајно негаторскиот однос на грчките државни власти, разни гчки статистики и други изданија во кои на севозможен начин се одрекувало постоењето на Македонци во Грција, односно егејскиот дел на Македонија, како дел од македонската нација.

Меѓу првите такви трудови била книгата на Лазо Мојсов, *Бугарската работничка партија (комунисти) и македонското национално прашање,* во едицијата *Историска библиотека* во издание на Земски одбор на Народниот фронт на Македонија. Во истата едиција и истиот издавач истата 1948 година излезе од печат книгата *Мајскиот манифест и Декларацијата на ВМРО (Обединета)*, со поговор и текст на Мито Хаџи Василев во кој се критикува промената на ставовите на Бугарската комунистичка партија и на одделни Македонци-комунисти во Бугарија и Пиринска Македонија кои застанаа на великобугарски позиции по однос на македонската национална посебност и поради откажувањето од ставот да ја чувствуваат

НРМ како своја матична држава. Притоа М. Х. Василев Јасмин ги анализираше некои од ставовите на ВМРО (Обединета) по однос на националната припадност на Македонците и ги искористи во политичко-пропагандни цели да ја критикува БКП дека ги користи тие поранешни великобугарски ставови на ВМРО (Обединета), што ги усмеруваше истражувачите на чисто политички оценки за улогата на оваа организација во македонското националноослободително движење. [24]

Тоа имаше и политички цели. Имено преку ваквата карактеристика на ВМРО (обединета) индиректно се дискредитираа поранешните членови на нејзиното раководство и македонски национал-револуционери кои беа вбројувани во старите „ликвидатори, автономисти и сепратисти“: Димитар Влахов, Павел Шатев, Панко Брашнаров и други кои не беа се откажале од идејата за целосно решавање на македонското прашање, и кои набрзо настрадаа од реперсивната политика на партиското и државното раководство на чело со Л. Колишевски.[25] На овие квалификации на „великобугарски“ ставови на ВМРО (обединета) реагираше Димитар Влахов, потписникот на документите што беа предмет на критика на М. Хаџи Василев и еден од основачите и раководителите на оваа национална македонска организација.[26]

Следејќи ја ориентацијата за проучување и афирмација на социјалистичката мисла и развојот на социјалистичкото движеење, интезивно се собираа и објавуваа историско-политички трудови за појавата и развојот на социјалистичката мисла и за развојот на работничкото движење, за да се поврзе со континуитетот на КПЈ и реали-

---

[24] *Мајскиот манифест и Декларацијата на ВМРО (обединета).* Скопје Историска библиотека. Издава: Земски одбор на Народниот фронт на Македонија, 1948.

[25] Види: Ачкоска Виолета, Жежов Никола: *Репресијата и репресираните во современата македонска историја*, Макавеј, Скопје 2005. 203-276.

[26] За ова види кај: Требст С.: *Бугарско-југословеснката контроверза*… op. cit., 61-66 и кај Пачемска Даринка: *Внатрешна Македонска револуционерна организација (обединета) и државноста на македонскиот народ.* Во: АСНОМ во создавањето на државата на македонскиот народ, Скопје: МАНУ, 1987. 71-72 и во *Дискусијата* на Д. Пачемска и Б. Ристевски, 437-438 и 452-454. Обидот на Пачемска да го иницира прашањето за критичко пресипитување на партиските и класни интерпретации на одредени ставови на ВМРО (Обединета) од страна на партиските историчари по Резолуцијата на Информбирото (М. Хаџи Василе и Д. Митрев) очигледно беа преуранети кај нас, но, во исто време тоа слободно го толкуваше, од еден пообјективен и независен аспект во Германаија, истиот историчар С. Требст. Составот на Организациониот одбор на Симпозиумот (во кој се наоѓаше Л. Мојсов, но и Киро Хаџи Василев, Данчо Зографски и други кои учествуваа во креирањето на партискополитичките оценки на историските настани по 1944 г.) зборува сам по себе дека времето сè уште не беше дојдено историографијата да се ослободи од политиката и идеологијата.

зираната промена во општетсвено-политичкиото уредување во текот на НОВ во Југославија. Во Белград се издаваа едиции на документи за историјата на КПЈ и НОВ во Југославија.[27] Паралелно со тоа и ЦК на КПМ започна да ја издава едицијата Историски архив на КПМ[28]. Главната задача околу тоа ја имаше Архивот на ЦК КПМ и Историското одделение при ЦК на КПМ. Во 1949 година излезе монографијата од Лазар Мојсов за Васил Главинов,[29] а наредната 1950 година трудот од Данчо Зографски за работничкото движење во Македонија до Балканската војна.[30]

Во 1949 година излезе и книгата *Народна Република Македонија* од Иван Караиванов[31] во издание на Главниот одбор на Народ-

---

[27] Одделни книги од оваа едиција се однесуваа на републиките, за Македонија на пр. *Историјски архив Комунистичке партије Југославије*, том VII. *Македонија у Народноослободилачком рату и Народној револуцији 1941-1944.* Београд: Историјско одељење Централног комитета КПЈ, 1951. (За кој изборот, редакцијата, објаснувањето и коментарот го направи Лазар Мојсов, 6);

*Зборник докумената и података о Народноослободилачком рату југословеснких народа*, том VII, књига 1, Борбе у Македонији, Београд: Војноисториски институт Југословенске народне армије, 1952. (Предговорто на оваа книга кој претставува кратка историја на положбата на Партиската организација, односно на КПМ и на НОБ во Македонија 1941-1943 година, е направен исто така од Лазо Мојов.).

[28] *Историски Архив на Комунистичката партија на Македонија*, том I, кн. 1., Социјалистичка зора за 1920. Скопје: Историско одделение при Централниот комитет на КПМ, 1949.( Внатре документите се објавени на српски јазик), а во 1951 г. објавен истиот како том I, Одбрани материјали од Социјалистичка зора за 1920 г. на македонски јазик.

[29] Мојсов Лазо: *Васил Главинов прв пропагатор на Социјализмот во Македонија.* Скопје: Историска библиотека 2, Издава Главен одбор на Нар. фронт на Македонија, 1949.

[30] Самиот Зографски во поговорот на својата книга чувствувал потреба да го каже своето мислење по однос на целта и карактерот на оваа издание во еден момент на актуализација на прашањето што го разработува како тема на овој труд. „*Самата книга нема претензии да претставува детален и целостен осврт на историскиот развиток на нашето работничко и социјалистичко движење, ниту да дава научно-историска анализа за одделни негови етапи... Со оглед на изложеното треба да се има на ум дека тој осврт и покрај евентуалните празнини има свое оправдание, бидејќи е замислен како логичен увод кон третираната материја за работничкото движење во Македонија и тој треба да послужи за разјаснување процесот на формирањето на работничката класа и неговите специфичности, што од своја страна укажуваа закономерно влијание на самата општествено-политичка положба и економските борби на нашето работништво во одредениот историски период.*“ (Зографски Дончо: *За работничкото движење во Македонија до Балканската војна.* Скопје: Институт за национална историја на македонскиот народ, 1950, 321-322). За методот на актуализација во пишувањето на трудот од политичко-класни потреби на државната власт сведочи и самата марксистичко-ленинистичка литература ставена во користената библиографија на прво место. Меѓу кои се: *Капиталот од К. Маркс т. Белград I, 1947 и т. III (на руски); Комунистичкиот манифест од Мракс и Енгекс, Белград 1945* г.; Политичкиот извештај на ЦК КПЈ од Ј. Б. Тито, Белград 1938; Политичкиот извешај на ЦК КПМ од Лазар Колишевски, Скопје 1949; Краток курс на Историјата на СКП (б), Белград 1945.

[31] Иван Караиванов е Бугарин, роден 1889 година, социјалист и комунист, учесник во Септемвриското востание, потоа емигрант во Југославија, од 1926 г. во Советскиот Сојуз,

ниот фронт на Македонија. Таа имаше посебна политичкопартиска полемичка намена и затоа предговор кон неа напиша Благој Д. Поповски, кој беше заменик јавен обвинител на судскиот процес на Методи Андонов Ченто.[32]

Исто толку карактеристична по начинот на интерпретацијата на настаните од новата македонска историја особено од времето по Резолуцијата на Информбирото е книгата на Димитар Митрев под наслов *Пиринска Македонија во борбата за национално* ослободување објавена во 1950 г. Во меѓувреме од Бугарија во Скопје дошол да живее Ангел Динев. Во НРМ му биле издадени веќе подготвените за печат негови трудови вториот том од *Илинденската епопеја* во 1950 и *Политичките убиства во Бугарија* во 1951 година.

Во Бугарија преминале, пак, некои раководители кои не можеле да го издржат притисокот од сè понагласениот југословенски централизам и од страв да не настрадаат како што се случило со повеќе раководители. Еден од нив бил Пецо Трајков, кој по враќањето во Софија мотивиран од сè она што го видел и почувствувал во врска со улогата на југословенското раководство во потиснувањето на македонските кадри во македонската држава и поттикнат од карактеристиките и судовите изнесени во книгата на Лазо Мојсов *Бугарската работничка партија (комунисти) и македонското национално прашање,* ја напиша полемичката историско-политичка брошура, *Национализмот на скопските раководители.*[33] Во неа историјата на македонското националноослободително движење, борбата на македонскиот народ за создавање на своја македонска држава, борбата за признавање на македонската нација, јазик и култура, ја поврзува со нападите од страна на југословенското партиско раководство и македонското партиско и државно раководство на чело со Колишевски, дека во својата антибугарска политика отишле во толкава крајност што при напаѓањето не правеле разлика меѓу великобугарската политика на бугарската буржоазија и фа-

---

работи на повеќе значајни места во раководството на Коминтерна. Во ноември 1944 година се вратил во Бугарија, но, поради некои несогласувања со дел од раковотството на БРП (к) доаѓа во ФНРЈ. Раководството на КПМ го искористува во рамките на меѓусебните обвинувања меѓу двете портии КПЈ И БКР (к), за афирмирање на ставот на КПЈ по однос на спорот со Информбирото, при што е користено и минатото на македонскит народ. Во книгата посебно се презентирани биографиите на Ј. Б. Тито и Лазо Колишевски.

[32] Караиванов Иван: *Народна Република Македонија.* Скопје: Главен одбор на Народниот фронт на Македонија, Скопје 1949.

[33] Полковник Пецо Трайков: *Национализмът на скопските ръководители. София 1949.*

шизамот и политиката и помошта што ѝ ја давала Бугарската комунистичка партија на борбата на македонските револуционери и комунисти против врховизмот и фашизмот, а за ослободување на македонскиот народ и за конституирање на македонска држава. Се разбира сето тоа е во согласност со Резолуцијата на Информбирото и влошените меѓупартиски и меѓудржавни односи меѓу Југославија и Бугарија. Најголем број од таа полемика и критика немаше научна верификација.

**4.** Додека се правеа овие идеолошко политички толкувања на историјата, *историската наука* ги почна и направи првите истражувања и толувања на историските настани, процеси, личности од повеќе периоди.

Малкуте дипломирани, историчари, историчари на уметноста, етнолози, археолози и научно-стручни кадри од книжевноста, филологијата и други области беа сестрано ангажирани во ставањето на темелите на просветните, културните и научните институции и во поддршката на организацијата на државните органи, а помладите беа упатени на доформување на своето образование. Меѓу првите историчари кои започнаа и со научноистражувачка работа беа професорите по историја Љубен Лапе[34], Димитар Стојановски Мире, Томо Томоски[35], професорот по историја на уметноста Димче Коцо,

[34] Во првите години кога беше ангажиран и во ставањето на темелите на просветата во Македонија, Љубен Лапе издаде бројни научни и стручни трудови: *Македонското национално преродуење до Илинденското востание.* s. l., s. a.; *Крушевска Републикја.* Во: Нова Македонија. Скопје. 2. VIII 1946; *Прилог кон историјата на борбите на нашиот народ во 16 и почетокот на 17 век против турската власт.* Во: „Нов ден", списание за уметност наука и општетсвени прашања. Скопје мај 1948, год. IV/5, 26-39; *Неколку писма од Гоце Делчев.* Во: Нов ден. 1948, IV/5; *Крсте Петков Мисирков и туѓите пропаганди во Македонија.* По случај 45– годишнината од појавата на неговата книга *За македонцките работи.* Во „Нова Македонија". Скопје, 1.I. 1949; *Разловечкото востание во 1876.* Во: Годишен зборник. Филозофски Факултет. Скопје 1950, книга 3, 1-30; *Едно сеќавање на Антон Попов во Струмица.* Во: Пирински глас, Скопје, 20. VII 1950; *Снабдување на охридските револуционери со оружје во Илинденското востание.* Во: Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје. Скопје 1951, кн. 4, 15-22; *Домашни извори за македонската историја,* I, 1. *Наказание на Ѓурчин Кокале, 2. Охридски летописни белешки, 3.Велешки летопис.* Редактирал Љубен Лапе. Скопје: Научен институт за национална историја, 1951; *Нови документи за Илинденското востание; Крушевска Република.* Во: Илинденски зборник 1903-1953 г. Скопје: ИНИ, 1953 ; *Одбрани четива за историјата на македонскиот народ.* Скопје: Државно книгоиздадетлство на НР Македонија, 1951; *Одбрани четива за историјата на македонскиот народ.* II дел. Скопје 1953 и други.

[35] Проф. Томо Томоски (Скопје, 1915 г. – Скопје, 2004 г.) своите студии по историја ги завршил во Љубљана 1948 г. Уште во 1946 г. бил вклучен во организирањето на просветата. Од 1946 до јуни 1948 година е ангажиран како предавач по историја во школата за народни учители Никола Карев, во државната театарска школа, во Средната политичка школа (1949) и на Вишата педагошка школа 1947/1949 г. Во 1948 година бил поставен за прв инструктор за наставата по историја при Министерството за просвета на НРМ. (Коста Аџиевски: *Педагошка*

професорот по ориентална филологија Методија Соколовски, кои подоцна станаа и професори на Филозофскиот факултет и самите учествуваа во подготвување на високостручни кадри од областа на историјата. Меѓу помладите кои го завршуваа историското образование и се вклучија веднаш во истражувачката дејност беше професорот Христо Г. Андоновски (Полјански) како асистент на Филозофскиот факултет, [36] Илија Панов, Тошо Симовски,[37] Иван Катарџиев како асистенти при ИНИ и други.

Во тој почетен период на создавање на научна историографија се вклучија и други интелектуалци: книжевници, правници, економисти, воени специјалисти и други. Меѓу нив беа: Ѓорѓи Абаџиев[38], Анастас Митрев, – Ѓорѓи Шоптрајанов, Харалампие Поленаковиќ, Михаило Апостолски, Александар Христов,[39] Данчо Зографски други.

Во рамките на одбележувањето на 50 години од Илинденското востание, Институтот за национална историја издаде *зборник на научни трудови Илинденски зборник 1903-1953* во редакција на Љ.

---

*вечер посветена на Томо Томоски*, Во: сп. Историја, Скопје 1997, год. XXXIII /1-2, 132-133). По 1949 откако бил избран за асистент, односно за предавач во 1950 година на Катедрата за историја на Филозофскиот Факултет во Скопје, се посветил на научноистражувачка работа од областа на историјата. Неговата научна специјалност била средновековната македонска историја, посебно истражувањето на терен и откривањето на средновековните градови на тлото на Македонија. По истражувањата во архивите во Виена во текот на 1953/54 година тој публикува дел од откриените документи во посебен зборник: *Документи од Виенската архива за Македонија од 1879-1903.* Скопје: ИНИ, 1955.

[36] Андонов Г. Христо (Полјански) уште како студент ги покажа своите афинитети кон научната работа, а потоа и како асистент со голем ентузијазам започна да истражува одделни аспекти на минатото на македонскиот народ, особено периодот на Илинденскто востание. Меѓу нив беа: *Одјек Илинденског устанка у Словенији*. – *„Настава историје у средњој школи“*, I/2 (1951).126-133; *Ехото на Илинденското востание сред југословенските народи*. Илинденски зборник 1903-1953. Скопје: ИНИ, 221-254. Во коавторство со Ковач Бранко, Мокров Боро, Михаилов Панче и Попоовски Ј. Јован го подготвија зборникот на материјали: *Странскиот печат за Илинденското востание (Материјали)*. Скопје: Здружение на новинарите на НР Македонија, 1953.

[37] Симовски Тошо: *За учеството на малцинствата во Илинденското востание*. Илинденски зборник 1903-1953. Скопје: ИНИ, 189-220..

[38] Ѓорѓи Абаџиев (1910 г. Дојран-1963 Скопје) завршил Правен фалултет во Софија во 1937 г. Припаѓа на младата македонска интелигенција од македонската емиграција во Бугарија. Член на Македонскиот литературен кружок. Пишувал поезија, проза и истиориграфски трудови. По враќањето во НРМ ги објавува: историскиот расказ *Епопејата на ножот* (1951), историскиот роман *Арамиско гнездо*, беше редактор на првиот Зборник за Илинден– *Илинденски зборник 1903-1953* г. во кој го објавил прилогот *Библиографијата на книги, статии и документи за Илинденското востание* и коа *Егејска Македонија во нашата историја*, во коавторство со Зогрфски Д., Митрев А. и Керамитчиев М., Скопје 1951.

[39] Меѓу првите историографски трудови на Александар Христов беа: *Карактер организације македонских револуционара*. – „Политика“, Београд 1951. XLVIII, бр. 13931; Револуционрните судови на ВМРО, Скопје 1951; *Организација на власта на востаничката територија за време на Илинденското востание. Илинденски зборник 1903-1953*. Скопје: ИНИ, 161-188.

Лапе, К. Миљовски, Д. Мире и Д. Митрев. Заслужува внимание успехот на македонската историска наука во овој случај преставена во редакцијата од Љ. Лапе и Д. Мире и во објавените трудови на Љ. Лапе, Христо Андонов (Полјански), Александар Христов, Тодор Симовски, Ѓорѓи Абаџиев, Димитар Митрев, со нивната теоретско-методолошка доследност на историската наука при обработката и толкувањата на настаните и личностите од Илинденскиот период. Но, најверојатно тоа отстапувало премногу од идеолошката рамка поставена од „меродавните партиски политичари“[40], а тоа пак било проследено со проверување на лојалност и компетентност на професорот Лапе, од страна на органите за внатрешни работи со испрашување на неговите студенти и резултирало со неговото сменување од функцијата директор на ИНИ и понатамошни партиски следења.[41]

Најголемиот број од споменатите научни и стручни кадри од историската наука и од сродните на неа науки, се трудеа во нивните дела да внесат што поголема објективност и научност во презентирањето на резултатите од истражувачката работа, кои ги беа стекнале за време на нивното високот образование пред Втората светска војна и непосредно по неа. Но, и во нивните дела како впрочем и речиси во сите историографии, негде повеќе негде помалку во зависност од развиеноста на општеството и степенот на индивидуалните граѓански права и слободи, политиката беше нивна придружничка, но не и слепа водителка, како што беше тоа во историско-политичката и партиската литература.

Меѓу македонските историчари кои имаа исклучително значење во тој прв период на организирање на македонската научна историографија несомнено првото место му припаѓа на професорот Љубен Лапе. Тој најактивно учествуваше во борбата на македонскиот народ за национално ослободување, создавање на своја македонска држава, изградување и афирмација на просветата, културата и историската наука. [42]

Беше еден од неколкуте први историчари, кои по ослободувањето на татковината ја отворија и напишаа првата страница од маке-

---

[40] Требст С.: *Бугарско-југословеснкаша коншровезра...* op. cit.,64.

[41] Ачкоска В.: Политиката и историографијата 1944-1998. Во: Македонската историска наука – достигнувања и проблеми..., op. cit., 492-493.

[42] По ослободувањето на Македонија 1944 година бил ангажиран во организирање на просветата во Битолската област, потоа во Скопје заедно со Димче Мире ја подготвиле првата наставна програма по историја за гимназиското образование. Во почетокот на 1945 до јули 1946 година работи во Скопје во Министерството за просевта како помошник на министерот. Во август-септември истата година бил шеф на Кабинетот на Претседателството на Владата

донската историја на својот мајчин македонски јазик. Во таа почетна многузначајна ангажираност на полето на историската наука, настојува да ги отвори за натамошни истражувања и проучувања многуте аспекти, настани и личности од богатата историја на македонскиот народ. Негова главна преокупација како историограф беше историјата на Македонија во XIX и XX век, но посебно историјата на македонското националноослободително движење. Особено внимание посветуваше на грижата за собирање и зашититување на документите, кои ги сметаше за драгоцени за историјата воопшто, а за историјата на Македонија и македонскиот народ посебно.[43] Љубен Лапе како долследен истражувач и застапник на што по објективното претставување на историјата, настојуваше да се започне со издавање односно презентирање на изворните документи од сите периоди на македонската историја. Тој има голем удел во поттикнувањето и подржувањето на издавањето на турски документи за историјата за македонската историја.[44] Поради сите тие заслуги Љубен Лапе со право е познат како доајен на македонското историско образование и македонската историска наука.

**5.** Значи во овој повоен период историјата била интензивно употребувана во функција на идеологијата и политиката на КПМ односно на новата власт што делувала збунувачки на историската свест на Македонците, бидејќи во еден краток период се менувале интерпретациите и се одело во крајности.

Во повеќето историографски трудови очигледна е теоретската и методолошката подготвеност на авторите – историчари, во истражувањето, подборот на изворниот материјал, критиката на изворите, компаративниот пристап во разгледување на одделни процеси од

---

на НРМ. Во 1946 година професорот Лапе бил ангажиран како член на матичната комисија за формирање на Филозофскиот Факултет во Скопје.

Во исто време е и основоположник на Катедрата за историја, денес Институт за историја на Филозофскиот факултет во Скопје, на која бил биран за доцент, вонреден и редовен професор и во неколку мандати бил шеф на Катедрата за историја. Во периодот од 1952 до 1956 година бил директор на Институтот за национална историја во Скопје. Тој имал и голема улога во основањето на Архивот на Македонија во 1951 г.

[43] Герасимови Виолета и Љубомир Герасимови: *Професорот Љубен Лапе и архивското дело во Македонија*. Во: Љубен Лапе, живот и дело, Филозофски факултет-Институт за историја, Скопје 1997, 160-161. Во писмото упатено до Лазар Колишевски како претседател на Владата и копие на истото до Историското одделение на ЦК (Киро Миљовски и Д. Мире), Љубен Лапе упатува сугестии од теоретско стручен и научен аспект, кои треба да се имаат во предвид при формирањето на Државниот архив.

[44] *Турски документи за историјата на македонскиот народ. 1800-1803,* I. Преведувачи: Џамбазовски Панта, Старова Ариф. Скопје: Научен институт за национална историја, 1951. Во наредните години излегоа уште три тома од истите.

регионалната и европската историја, анализата и синтезата на добиените и презентирани заклучоци и оценки.

Сепак, треба да се нагласи дека и во оние трудови кои по својата содржина и политичка намена спаѓаат во историско-политичко-пропагандните и партиски трудови настанати речиси во период од една деценија 1944-1953 година, и покрај нагласените политички оценки, во нив, од аспект на комунистичката идеологија, неоспорно е значењето на дел од нив поради присуството и користењето на голем број фактографски материјал, присуството на внатрешна и надворешна критика на изворите од различна провиниенција, теоретските познавања и аргументи со кои се бранела историската вистина за настанувањето и развојот на македонската нација која поминала, речиси, низ истите фази и развојни процеси на етногенезата и осознавањето за националната припадност, карактеристични и за другите нации на Балканот и во Европа. Дел од нив како критичко-полемички трудови со осврт на минатото на македонскиот народ се спротивставија на соседните клсано-идеолошки и политички мотивирани историографии, статистички и етнографски осврти во кои се негираше постоењето на македонска нација и на припадници на истата во Бугарија и Грција и слично.

Во тој период на: взаемно, влијание, рефлексии во двонасочен правец, во присуство на самоцензура, критика и полемика, околу марксистичкото толување на историјата, сепак, се појавија трудови кои не само што ги поставија првите темели на македонската историографија, туку и *самите по себе останаа сведоштво за едно историско време на промени*, црно-бели толкувања на настани и личности, притисоци, бегање од чуствителните теми на оние историчари кои не сакаа да ја прифатат идеологијата која беше спротивна на нивната стручна и научна професија и етика и се определуваа за занимавање со помалку чуствителни теми од старата и средновековната историја, или со општата историја, која не беше толку политички и идеолошки контролирана.

Самите трудови од областа на научната историографија, но и оние од политичко-партиската историска литература оставија драгоцени податоци и сведоштва за одделни личности, за степенот на нивната политичка завистност, за нивната професионална етика, но и за нивното човечко достоинство, за нивната хуманост или нехуманост и отчовечување.

(Рецензент: *проф. д-р Виолета Ачковска*)

Darinka PETRESKA

# POLICY, IDEOLOGY AND THE MACEDONIAN HISTORIOGRAPHY 1944-1953

## Reciprocal influences and reflections

ABSTRACT

*The foundation of the macedonian state on 2 august 1944 and successfuly ended liberational war in Macedonia, marked and start of one moreintensive period of tranzition not only of the economic development and the political rule, but in the area of the culture, science, education and everyday life of the people. The macedonian people, which before the Second World War had not his own national state and recognized literatural language in nowhere of the countries between which was divided, had not chance to research and learn his history. His history was researched and learned by historians of the countries between which was divided, but like a part of their national histories. The beginings of the foundation of the macedonian historiography in the macedonian state had a mark of the society-political conditions, class interpretation, ideology, but also enthusiasm of the macedonian historians, writers, politicians and other creators. They created the first labours in the macedonian historiography.*

***Keywords:*** *MACEDONIA, HISTORY, HISTORIANS, HISTORIOGRAPHY, POLICY, IDEOLOGY, NATION, STATE, MACEDONIAN QUESTION, METHODOLOGY, THEORY.*